СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ПРОГРАМА
# за учество на едукативна активност на тема:

# „ИМАМ СТАВ!“

*за ученици од*
*средните училишта во Република Северна Македонија*

Содржините за едукативната активност се развиени и реализирани од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија

**<u>Општи информации</u>:**

Парламентарниот институт е посебна организациона единица во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, кој функционира како центар за истражување, едукација и информирање, воспоставен на принципите на непристрасност, достапност и кредибилитет.

Парламентарниот институт, помеѓу останатото, спроведува активности за едукација и информирање на граѓаните за работата и улогата на Собранието (согласно својата стратешка цел за отвореност на Собранието кон јавноста).

Во таа насока, од 2019 година, Парламентарниот институт започна со организација на работилници во вид на симулација (игра на улоги) за ученици од средните училишта во Република Северна Македонија, со наслов „Имам став!". Идејата за овие работилници е преземена од Сојузниот парламент на Швајцарската Конфедерација, каде се организираат едукативни активности насловени „My Point of View". Активноста претставува посебна програма на Одделението за едукација и комуникација на Парламентарниот институт која се спроведува како работилница во времетраење од три часа. Оваа активност е наменета за ученици од средните училишта во Република Северна Македонија. Учеството на „Имам став!" е колективно, односно учесниците се пријавуваат како група од училиште, а не индивидуално.

Секоја година планирано е да се организираат 20 работилници од овој тип. Работилниците се спроведуваат во два циклуса по десет настани, а во секој циклус учествуваат десет училишта. Секоја сезона на „Имам став!" (серија од десет работилници) има компетитивен карактер, односно училиштата се натпреваруваат меѓусебно симулирајќи пленарна расправа на Собранието. Дебатите ги оценува жири комисија составена од тројца членови, меѓу кои пратеници/чки во Собранието. Најдобро оценетите три училишта се пласираат во финалниот настан каде се соочуваат едни против други, при што жири комисијата избира победник на тековната сезона. Училиштето кое ќе победи во тековната сезона на „Имам став!" се закитува со свечен пехар доделен од страна на претседателот на Собранието.

**<u>Опис на работилницата „Имам став!"</u>**

Едукативната активност „Имам став!" претставува симулација на процесот на разгледување предлог закон во рамките на Собранието. Учесници на симулацијата се ученици од средно образование предводени од најмногу тројца наставници-ментори. За реализација на оваа активност потребни

се серија подготовки. За таа цел, претходно се вршат неопходните консултации со наставниците со цел да се стекнат со потребните вештини и знаења за спроведување на активноста и успешно менторирање на учениците.

Активностите поврзани со реализацијата на „Имам став!“ започнуваат во училиштата три недели пред посетата на Собранието. Учениците се подготвуваат под водство на наставниците ментори. На почетокот, наставниците ментори ги делат учениците на три комисии и се избираат трите теми за кои ќе се дискутира за време на активноста. Секоја од комисиите разгледува по една тема. По изборот на темите, секој од учениците размислува во однос на избраната тема и на останатите ученици од својата комисија им дава предлози и аргументи за решавање на избраниот политички проблем. Секоја од комисиите треба да одлучи кое решение ќе го понуди пред другите комисии и да работи на подготовката на аргументите со кои ќе го бранат своето решение. Комисијата назначува претставник на комисијата (известител) кој ќе биде одговорен пред останатите учесници да го презентира понуденото решение. Наставниците ментори го набљудуваат успешното одвивање на активноста.

Едукативната активност завршува со одржување на работилница во Собранието, на која се врши симулација на пленарна седница, каде учесниците расправаат и одлучуваат во однос на понудените решенија за секоја од трите избрани теми. Симулацијата ја води претседавач (вработен во Парламентарниот институт), кој е одговорен да го одржува редот на сесијата и да им дава право на збор на учесниците. На почетокот на дебатата, известителот го презентира пред останатите учесници понуденото решение од страна на својата комисија. По презентацијата, секој од учесниците има можност да се јави за збор, со цел да постави одредено прашање или да понуди свој контрааргумент. Намерата е преку презентирање на убедливи аргументи, говорниците да ги убедуваат своите колеги во исправноста на нивното решение. Откако ќе се исцрпи дебатата, претседавачот ги повикува учесниците да гласаат, со што мнозинството демократски одлучува дали решението е прифатливо. Истиот процес се повторува во однос на останатите две теми.

На сите ученици кои се дел работилницата „Имам став!“, како и на наставниците ментори, им се доделува сертификат за учество.

**<u>Општа цел на работилницата:</u>** приближување на работата на Собранието на Република Северна Македонија и процесот на донесување на закони до младата популација, што ќе придонесе за развивање на нивната свест за демократијата и ќе ги поттикне и подготви за општествена и политичка критичност и вклученост

**<u>Број на учесници</u>:** максималниот број на учесници од едно училиште е 40 ученици и тројца наставници

**<u>Време:</u>** пролетен и есенцки циклус

**<u>Место:</u>** сала Борис Трајковски во Собранието на Република Северна Македонија,

**<u>Јазик:</u>** македонски јазик со обезбеден превод на албански јазик

**<u>Обучувачи:</u>** работилницата ќе биде испорачана од страна на обучувачи од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт

**<u>Трошоци:</u>** учеството на работилницата е бесплатно и вклучува бесплатни едукативни материјали и освежување за време на работилницата. Трошоците за транспорт од/до местото на работилницата ги покриваат самите учесници

**<u>Начин на пријавување:</u>** Секое училиште кое ќе се пријави да учествува, номинира до 40 свои ученици кои ќе учествуваат на активноста и до тројца наставници-ментори. Пријавувањето се врши преку софтверската платформа за пријавување: seminari.sobranie.mk

**<u>Контакт:</u>** e-mail: parl.inst@sobranie.mк

тел: 02/3182-227

**<u>Посебни цели на работилницата:</u>**

На крајот на работилницата, учениците:

- ќе се запознаат со просторот во кој работи Собранието;
- ќе знаат да ги идентификуваат надлежностите на Собранието и ќе имаат детална претстава за процесот на донесување закони;
- ќе ја запознаат работата на комисиите во Собранието;
- ќе се стекнат со пошироки познавања од областите и темите за кои ќе се дебатира;
- ќе стекнат вештини за успешно дебатирање и презентирање на сопствените аргументи;
- ќе научат колку е важно постигнувањето на компромис при процесот на донесување закони;
- ќе разберат што значи да се биде активен граѓанин во општеството и како можат да дадат свој придонес во демократските процеси во земјата.

За постигнување на овие цели, работилницата ќе ги опфати следните **<u>содржини:</u>**

| Содржини | времетраење |
|---|---|
| Организирана обиколка на зградата на Собранието | 60 минути |
| Вовед и инструкции за учесниците | 10 минути |
| Симулација (игра на улоги) „Имам став!“ | 90 минути |
| Евалуација на работилницата и доделување на сертификати | 20 минути |